**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-493/6**
**Скопје, 04.08.2005 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Демир Хисар (во понатамошниот текст Органот), кои се прикажани на страните од 8 до10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Демир Хисар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   Мише Милошевски, градоначалник на општина Демир Хисар од 01.01.2004 до 31.12. 2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 26.04. до 29.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Катица Николовска, ревизор
   - Билјана Сурлевска, ревизор и
   - Стојан Николовски , помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   -дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 22.07.2005 година со писмо број 08-25/5 од 19.07.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното:
    - забелешките на точката 10.3.2. не се прифаќаат, и
    - забелешките на точките 10.1.3. , 10.3.4. и 10.4.4. делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Тековните трансфери на средства од сметката на органот се вршат без да има донесно соодветен документ-решение од градоначалникот или обезбедена согласност од Советот, во склад со Статутот на општината.

**Препорака:**

- За тековните трансфери на средства да се донесува акт-решение во кое ќе се наведе соодветниот извор од кој ќе се изврши исплата на средствата, податоци за корисникот на истите и основот за негово одобрување.

11.1.2. Општина Демир Хисар нема донесено годишна програма за Јавно осветлување на општината која се реализира преку сметката на органот кое е спротивно на член 4-е од Законот за буџетите.

**Препорака:**

- Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите поточно член 4-е од истиот, се со цел за наменско користење на средствата и транспарантност во јавната потрошувачка. Во тој контекст е потребно да се донесат програми со дефинирани проекти и вредности.

11.1.3.Од средствата на благајната исплаќани се надоместоци на физички лица за вршење надзор над изградба на објекти како и по основ на договори на дело за молерофарбарски и занаетчиски услуги во износи повисоки од утврдениот максимален износ за плаќања во готово, спротивно на член 7-а од Законот за платен промет (Сл.весник на РМ 32/2001, 103/2001).

**Препорака:**

- При исплата во готово да се почитуваат одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет во делот на одредбите за плаќањата во готово.

**11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

11.2.1. Не е извршено целосно усогласување на состојбите меѓу одделни ставки во Билансот на состојба и Бруто билансот за 2004 година, не се евидентираат промените на материјалните средства, залихите и нивните извори во моментот на соодветно извршените набавки и не се води евиденција на обврските и побарувањата.

**Препорака:**

- Да се воведе аналитичка евиденција на материјалните средства, залихите, побарувањата, обврските согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја и да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.2.2. Не е извршен целосен попис на постојаните средствата со состојба на 31.12.2004 година и не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Со пописот не се опфатени паричните средства, побарувањата и обврските.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата во согласност со законските прописи, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата и вредноста на постојаните средства во кој ќе се вклучат средствата од Фондот за патишта, улици и комунални дејности на општина Демир Хисар, како и средствата од општина Сопотница која согласно новиот закон за територијална поделба на РМ се припојува кон општина Демир Хисар.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. На ставката Неданочни приходи неосновано се искажани приходи во износ од 35 илјади денари поради погрешно уплатени средства од закупнина на деловен простор, како и погрешно пристигнатите средства од Министерството за локална самоуправа. Овие средства треба да се приходи на буџетот од каде ќе се трансферираат на Органот.

**Препорака:**

- Согласно законските прописи, сите приходи се остваруваат на сметката на Буџетот, додека кај Органот приходите се остваруваат по основ на трансфери од буџетот на општината.

11.3.2. Поради погрешна сметководствена евиденција, ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на

Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Плати, наемнини и надоместоци е преценета за износ од 265 илјади денари за кој износ е потценета ставката Договорни услуги поради:
  - -исплата на 156 илјади денари по основ надомест за договор на дело со 3 лица;
  - -исплата на 87 илјади денари по основ персонален данок за истите;
  - -исплата на 10 илјади денари помош на вработено лице во општината и
  - -исплата на 12 илјади денари надомест во случај на смрт на член од семејство.
- Ставката Основно и специјално одржување и унапредување е прецента за износ од 94 илјади денари за кој износ е потценета ставката Договорни услуги по основ на исплатени надоместоци на физички лица за спроведен надзор над изградба на објекти спротивно на Правилникот за сметковниот план за буџетски корисници.

11.3.3. Од ставката Комунални услуги ненаменски се потрошени средства во износ од 20 илјади денари. За потребите на Фондот за патишта, улици и комунални дејности на општина Демир Хисар, исплатена е фактура за извршени комунални услуги од Трампе компани – ДХ, која гласи на Фондот за патишта, улици и комунални дејности.

**Препорака:**

- Потребно е да се води грижа за наменско користење на средствата во склад со програмите кои ги реализира општината.

11.3.4. Ставката Договорни услуги е преценета за износ од 20 илјади денари, за истиот износ е потценет и вишокот на приходи над расходи за исплатени средства во износ од 20 илјади денари за Секретарот на Советот по решение од 2002 година за назначување на надзорен орган за вршење надзор над изведувачот на земјани работи на објектот Спортска сала. Назначено е лице за надзорен орган за надзор на ископ на земјани работи кое е правник, спротивно на одредбите од Законот за изградба на инвстициони објекти.

**Препорака:**

- При ангажирање на лица за надзорен орган да се води сметка за неговата стручност и да се ангажираат лица кои имаат лиценца за вршење на таква работа.

11.3.5. Од ставката Изградба, реновирање и унапредување ненаменски се исплатени 100 илјади денари за дел од договор кон ЈКП "Комуналец" од Демир Хисар за изградба на водовод. Договорот е од 2003 година и неговото реализирање е предвидено да се оствари од средствата на Фондот за патишта, улици и комунални дејности на општина Демир Хисар согласно усвоената програма.

**11.4.Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба;**

11.4.1. Состојбата на позицијата Парични средства е преценета за износот на салдото искажано на 31. декември 2004 година во износ од 7 илјади денари на сметката, за кој износ е преценета и позицијата Пасивни временски разграничувања поради непрефрлените средства во корист на сметката на Буџетот,а поради непочитување одредбите на членот 36 од Законот за буџетите.

11.4.2. Позициите Материјални средства во Активата и Извори на капитални средства во Пасивата на Билансот на состојба на ден 31 Декември 2004 година се нереално и необјективно прикажани поради следниве причини:

- искажаната состојба е на основа збирните податоци од сметководството што до 2003 година се водела во п.е. на Министерството за финансии кои во општината се превземени во 2004 година.
- за објектите што со делбен биланс општина Демир Хисар ги има добиено согласно Решение од Влада на РМ број 23-257/41 од 08.02.2000 година, општина Демир Хисар нема обезбедено имотни листи и нема утврдено вредност на истите. Ревизијата не доби податок дали некои од објектите се вклучени во искажаната вредност на градежните објекти.
- стапката со која е пресметана исправката на вредноста на градежните објекти е 2% годишно, која стапка не е предвидена во годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници. Ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на истата поради фактот што нема податоци за видот и вредноста на градежните објекти.
- во сметководството нема воспоставено аналитичка евиденција за материјалните средства, така што не се врши ажурирање на промените на поединечните средства при набавките.

**Препорака:**

- Покрај наведените препораки во точка 10.2.2. од овој извештај, да се обезбедат имотни листи од Државниот завод за геодетски работи за објектите кои се предмет на делбениот биланс на РМ согласно Решение од Влада на РМ број 23-257/41 од 08.02.2000 година со општина Демир Хисар и да се утврди вредноста на истите. Истата постапка да се спроведе за објектите од досегашната општина Сопотница која се припојува кон општина Демир Хисар.

11.4.3. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачи е потценета во износ од 12,158 илјади денари за кој износ е потценета позицијата Активни временски разграничувања поради неевидентирање на обврските.
Во сметководството на општината не се врши евиденција на примената документација по основ на настанати обврски, туку се евидентираат само обврските за износот кој што се плаќа. Во прилог на ова зборува и фактот што до Министерството за финансии (согласно нивното барање за пријавување на долговите од ЕЛС), општина Демир Хисар има доставено информација за ненамирени обврски заклучно со 31.12.2004 година на износ од 11,347 илјади денари, кои не се евидентирани во сметководството на општината.
Исто така не се евидентирани и извршните судски решенија во износ од 811 илјади денари по кои е блокирана сметката на општина Демир Хисар.

11.4.4. При исплаќањето на надоместоците по основ на договор на дело, надоместоци на советници, помош на вработени и надоместок за надзор во исто време со исплатата не се пресметува персоналниот данок, субјектот не ствара обврски по основ на персонален данок . Персоналниот данок се плаќа со закаснување односно субјектот го платил на 30.05. и 30.12. 2004 година а не со денот на исплатата на надоместоците без при тоа да пресмета и плати камата за ненавреме платениот персонален данок.

**Препорака:**

- При исплати на физички лица по основи кои не се во ослободувањата согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход при исплатата треба да се

пресмета и плати персонален данок . За навреме не платениот персонален данок се пресметува камата.

11.4.5. Одделни ставки од Билансот на состојба не кореспондираат со ставките од бруто билансот за 2004 година поради нивно искажување без претходно да се извршат промени во деловните книги. Неусогласувањата се однесуваат на следниве ставки:

- Активни временски разграничувања: во биланс на состојба 2,120 илјади денари во бруто биланс 911 илјади денари;
- Залихи: во биланс на состојба 2 илјади денари во бруто биланс 0 илјади денари;
- Краткорочни финансиски обврски: во биланс на состојба 33 илјади денари во бруто биланс 0 илјади денари;
- Финансиски пресметковни односи: во биланс на состојба 1,215 илјади денари во бруто биланс 0 илјади денари;

Причините за овие неусогласувања се:

- несоодветно евидентрање на трансферираните средства од Фондот за патишта;
- неевидентирани набавки на ситен инветар во деловните книги;
- несоодветно евидентирање на обврските за исплата на кредити на вработените и износот на неисплатените бруто плати.

**Препорака:**

- Надлежните лица кои ја водат сметководствената евиденција да преземат мерки за отстранување на неусогласеностите кај одредени билански позиции.

**11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Направени расходи без предходно обезбедени средства со буџетот
Извршени се расходи за кои не се обезбедени средства од буџетот на општината за 2004 година во износ од 2,612 илјади денари, а кои се однесуваат за следниве позиции:

- Плати, наемнини и надоместоци 567 илјади денари;
- Стоки и други услуги 1,426 илјади денари;
- Тековни трансфери 5 илјади денари;
- Капитални расходи 614 илјади денари.

11.5.2.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 142 илјади денари за набавка на канцалариски материјали на износ од 58 илјади денари и за ангажираните лица за надзор во износ од 94 илјади денари спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки.
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.
- Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

12.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.3. е преценување на расходите за износ од 140 илјади денари и преценување на приходите за 35 илјади денари односно потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 105 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 12.158 илјади денари.

13.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. до11.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Демир Хисар на 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на наодите од точките 11.3. и 11.5. кај сметката на Органот на општина Демир Хисар не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

15. Обрнуваме внимание на точката 11.4.3. од овој извештај, дека општина Демир Хисар е тужена странка во судски спорови и тоа:

- Со ГД „Гранит“ на износ од 5,398 илјади денари;
- АД „Живинарска фарма“ заради утврдување на право на сопственост, вредноста на спорот не е определена;
- Со „Бигла Ангропромет“ заради утврдување на право на сопственост, вредноста и на овој спор не е утврдена.

Општина Демир Хисар е тужител во судски спор со лицето Благој Серафимов по основ на неисплатена закупнина. Вредноста на спорот е 89 илјади денари, но истата не е конечна, ќе има одбивање на влог.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Демир Хисар за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

Скопје, 23.07.2005 година

Овластен Државен Ревизор
Лилјана Стојанова

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 36 | 16 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 5,476 | 4,178 |
| Домашно задолжување | | 0 | 150 |
| **Вкупно приходи** | | **5,512** | **4,344** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 3,093 | 2,515 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 1,731 | 1,487 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 67 | 96 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,891** | **4,098** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 614 | 22 |
| Капитални трансфери | | 0 | 191 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **614** | **213** |
| **Вкупно расходи** | | **5,505** | **4,311** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **7** | **33** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7 | 33 |
| Побарувања | | 0 | 4,164 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 150 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 2,120 | 30 |
| Залихи | 4.1.3. | 2 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,129** | **4,377** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 696 | 716 |
| **Вкупно постојани средства** | | **696** | **716** |
| **Вкупна актива** | | **2,825** | **5,093** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | 1,542 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 0 | 150 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.1. | 33 | 104 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.2. | 1,215 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 872 | 2,515 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 7 | 33 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,127** | **4,344** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 698 | 716 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **698** | **716** |
| **Вкупна пасива** | | **2,825** | **5,060** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **716** |
| **Зголемување по основ на:** | **14** |
| Набавки | 14 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **(32)** |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | (32) |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **698** |